Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 39, 3 мај 2010 година

мај 2010 година
Штип

## СОДРЖИНА


**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник - помлад асистент од научната област педологија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден помлад асистент/асистент за наставно - научната област ботаника на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област растителна екологија и фитоценологија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научната област хемија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 21

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент по економика на земјоделството и основи на агроекономија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 25

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент во научната област менаџмент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 31

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 40

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област историја на економската мисла на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 48

**РЕФЕРАТ** за избор на двајца соработници во соработничко звање асистент за научната област финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 52

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 61

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент во научната област статистика на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 68

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 74

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научно подрачје стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 77

**РЕФЕРАТ** за избор на асисистент (специјалист) за научната област ортопедски болести на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 84

**РЕФЕРАТ**за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 87



Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕНАЏМЕНТ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1702-37/24 од 18.2.2010 година, донесена на првата седница на Наставно-научен совет на Економскиот факултет, одржана на 18.2.2010 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на соработник во соработничко звање ***асистент во областа на менаџментот на Економскиот факултет*** при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник” и „Лајм”, на 4.2.2010 година, и во предвидениот рок се пријавија кандидатите:

- м-р Борјан Ѓоргиев, магистер на економски науки со потесно подрачје на специјалност во бизнис менаџментот, вработен на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип како асистент по предметите во областа на менаџмент на здравствени информациски системи, основи на здравствен менаџмент, економија во здравството, јавно здравство и информатика за економисти;
- м-р Теодора Филипова, магистер по маркетинг, рекламирање и јавни односи;
- м-р Андријана Богдановска-Ѓуровиќ, магистер на економски науки со потесно подрачје на менаџментот;
- м-р Горан Голубовски, магистер на економски науки со потесно подрачје на специјалност во бизнис менаџментот;
- м-р Жарко Маркоски, магистер по бизнис администрација - МБА менаџмент;
- м-р Елена Панова, магистер по менаџмент на човечки ресурси;
- м-р Мимоза Серафимовска, магистер по менаџмент во образование.

Врз основа на приложената и разгледаната документација, на Наставно- научниот совет на Економскиот факултет му го поднесуваме следниов детален заеднички

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Борјан Ѓоргиев** е роден на 2 декември 1980 г. во Штип, каде ги завршува основното и средното образование.

Дипломира во 2005 година на Стопанската академија „Димитар Апостолов Ценов“ во Свиштов, Република Бугарија, насока Бизнис менаџмент, со просечна оценка 9,50 и се стекнува со право на стручен назив **дипломиран економист.**

Магистерски студии запишува во 2005 година на Катедрата за менаџмент на Стопанската академија „Димитар Апостолов Ценов“ во Свиштов, Република Бугарија, по 3 семестри и одбрана на магистерскиот труд со наслов *„Системи за корпоративно управување“* во 2006 година магистрира со просечна оценка 10 и се стекнува со право на академски степен **магистер на економски науки.**

Својата академска кариера ја започнува на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Република Македонија**.** Од 2007 година до ден-денес, кандидатот м-р Борјан Ѓоргиев работи како асистент на предметите: Менаџмент на здравствени информациски системи, Основи на здравствен менаџмент, Економија во здравството, Јавно здравство и Информатика за економисти. Исто така, во периодот од 2007 до 2009 год. е член на НСС (Наставно-научниот совет) на Економски факултет во Штип и е актуелен заменик-раководител на Центар за кариера и развој на истиот Факултет, а исто така учествува и во Издавачкиот совет на Годишниот зборник на Економскиот факултет.

Во периодот од започнувањето на академската кариера, па сè до денес кандидатот издава повеќе од 10 научни и стручни трудови во земјава и во странство од областа на економијата и менаџментот. Учествува на повеќе научни конференции како автор и коавтор.

Во текот на 2009 година, кандидатот реализира студиски престој на „University of the West of England" во Бристол, Велика Британија. Исто така, кандидатот реализира и учествува во повеќе проекти на Центарот за кариера и развој на Економскиот факултет во Штип.

*Список на трудови:*

1. **"Education and Knowledge Management – factors for human resource development in knowledge based economies",** Borjan Gjorgiev MSc, Yearbook Vol.1 2009, State University "Goce Delcev" – Stip, Macedonia, Faculty of Economics – **ISBN 13-978-608-4504-04-7**
2. **"Decision making as personal characteristic which gives future directions for human resource development"**, Dushan Milanov, Borjan Gjorgiev MSc, Yearbook Vol.1 2009, State University "Goce Delcev" – Stip, Macedonia, Faculty of Economics – **ISBN 13-978-608-4504-04-7**
3. **"Optimization of information security",** Borjan Gjorgiev, International Conference 2009, Academy of Economic Studies - Chisinau, Moldova, Laboratory for information security **- ISBN 978-9975-75-459-0**
4. **"Synergetic menagement concept - A factor for promotion of the work and life quality",** Prof. Ph D. Trajche Miceski, Borjan Gjorgiev MSc, 55th Anniversary International Scientific and Practical Conference - ECONOMIC MODERNIZATION - MACROECONOMIC, FINANCIAL AND SOCIAL ASPECTS, Svishtov 2008 - **ISBN 978-954-23-04-01**
5. **"Knowledge management - a new management paradigm for successful mobilization of the human resources and correct guidance of the financial funds",** Borjan Gjorgiev MSc, Prof. Ph D. Trajche Miceski, 55th Anniversary International Scientific and Practical Conference - ECONOMIC MODERNIZATION - MACROECONOMIC, FINANCIAL AND SOCIAL ASPECTS, Svishtov 2008 - **ISBN 978-954-23-04-01**
6. **"Sources and forms for financing small and medium enterprises",** Bezovski Zlatko, Gjorgiev Borjan, Gjorgieva-Trajkovska Olivera, 2-ri Avgust, Stip 2007 - ISBN13 978-9989-909-55-9
7. **"Entrepreneurial networks and building recommendations"** Bezovski Zlatko, Gjorgiev Borjan, 2-ri Avgust, Stip 2007 - ISBN13 978-9989-909-56-6
8. **"Process of crediting enterprises"** Gjorgieva-Trajkovska Olivera, Bezovski Zlatko, Gjorgiev Borjan, 2-ri Avgust, Stip 2007- ISBN13 978-9989-909-57-3
9. **"Methods for designing informational systems in management"** Gjorgiev Borjan, Bezovski Zlatko, 2-ri Avgust, Stip 2007 - ISBN13 978-9989-909-58-0
10. **"International financial management"** Gjorgieva-Trajkovska Olivera, Gjorgiev Borjan, 2-ri Avgust, Stip 2007 - ISBN13 978-9989-909-59-7

Во продолжение ќе се задржиме на некој од неговите трудови:

1. ***"Education and Knowledge Management – factors for human resource development in knowledge based economies"***

Предмет на овој труд е образованието, како и менаџментот на знаење, како фактори за развој на човечките ресурси во економијата базирана на знаење. Актуелноста на разработената проблематика во трудот доаѓа од глобализацијата и конкуренцијата во денешно време на стопанисување, кои налагаат создавање на ефективни и ефикасни економски организациски модели и оптимизирање на секој процес во нив.

Трудот е детално структуриран и ги обработува образованието и менаџментот на знаење, како круцијални фактори за создавањето и одржливото функционирање на економии базирани на знаење. Во трудот се обработуваат и анализираат знаењето во социоекономски контекст, човечкиот капитал, менаџментот на знаење и екстерналиите од истите.

Трудот на лесен и разбирлив начин детално ја обработува и презентира темата. Со оглед на значењето и актуелноста што го има образованието и менаџментот на знаење, како фактори за развој на човечките ресурси, трудот заслужува особено внимание.

2. *"International financial management"*

Предмет на овој труд е обработка на основните карактеристики на меѓународниот финансиски менаџмент, преку истакнување на основните разлики кои постојат во работењето на компаниите во границите на националната економија и во меѓународен амбиент.

Трудот *„Меѓународен финансиски менаџмент"* е детално структуриран и ги обработува најважните карактеристики на мултинационалните компании. Во него е извршено компарирање и анализирање на релевантните фактори кои ги условуваат разликите помеѓу мултинационалниот и националниот менаџмент. Исто така во трудот се обработени и анализирани основните карактеристики на интернационалниот монетарен систем, обработено е влијанието на интернационалните фактори врз донесувањето на одлуките во мултинационалните компании од аспект на управувањето со капиталот и ризиците со кои тие се соочуваат на светскиот пазар. Авторите во трудот посветиле внимание и на управувањето со обртниот капитал во мултинационалните компании обработувајќи го детално управувањето со готовина, управувањето со кредитите и управувањето со залихите во мултинационалните компании.

Трудот „Меѓународен финансиски менаџмент" на авторите м-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска и м-р Борјан Ѓоргиев на лесен и разбирлив начин детално ја обработува и презентира одбраната тема и за истата може да се каже дека е одличен водич во меѓународниот финансиски менаџмент.

3. *"Sources and forms for financing small and medium enterprises"*

Авторите за детална експликација на изворите на финансирање поаѓаат од поделбата на Сахлман и Стевенсон (1991), коишто изворите ги делат на четири групи и тоа: Star-up, Outside equity capital, Debt capital и интерно генерирани извори на финансирање.

Во продолжение, поподробно ги објаснуваат различните извори на финансирање, при што поголемо внимание посветуваат на формите значајни за финансирање на малите и средните претпријатија, како што се факторингот, лизингот, ризико капиталот итн.

Трудот на 37 страници на лесен и разбирлив јазик конзистентно ја презентира одбраната тема, при што слободно може да се каже дека претставува солиден водич за можностите за финансирање на малите и средните претпријатија.

4. *"Methods for designing informational systems in management"*

Предмет на овој труд е анализата на методите за проектирање на информациски системи во менаџментот. Процесот на проектирање на информациските системи во менаџментот е еден од најважните процеси на организациското проектирање, кој е предуслов за опстанокот и постојаниот развој на претпријатието во средината која го опкружува.

Трудот ги анализира процесите и етапите на различните методи за проектирањето на информациските системи и јасно ја отсликува технологијата на проектирањето на информациските системи.

Трудот е одлично структуриран. Напишан е на разбирлив начин и одлично ја презентира одбраната тема. Јасната анализа и класификација на методите во трудот придонесува тој да биде применлив од двете страни на процесот на проектирање на информациските системи, како од објектите на проектирање така и од субјектите во процесот.

Со оглед на значењето што го има проектирањето на информациски системи како инструмент на менаџментот во организациското дизајнирање, трудот заслужува особено внимание.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Теодора Филипова** е родена на 17 февруари 1984 година во Штип, каде го завршува основното и III година од Гимназијата „Славчо Стојменски", а IV година од гимназиското учење го завршува во "Hommer Hanna" High Shool, Brownsville, Texas, USA, со одличен успех.

Дипломира во 2005 година на The University of Sheffild, UK на Бачелор студии во бизнис-сметководство и финансии (со одличен успех), Солун, Грција.

Во 2007 годна завршува магистерски студии по маркетинг, рекламирање и односи со јавноста и се стекнува со научен степен **магистер по маркетинг, рекламирање и јавни односи.**

Нејзиното професионално-работно искуство се одвива во „Астибо фешн груп" ДООЕЛ - Штип, од декември 2006 год. на работно место менаџер за организација и производство.

Согласно со нејзините вештини, течно зборува и пишува македонски, англиски, грчки, српски и хрватски јазик.

Исто така, ги наведува вештините за одлично познавање на работа со компјутер Microsoft Office (Excel, Word) Power Point презентации, како и вештините во комуникација, јавни настапи, презентации, менаџирање на разновидни групи.

***Список на трудови***

- Teodora Filipova, Product country image -the case of Macedonia as a tourist destination in the international market. International scientific congress of tourism and management, The challienges and perspectives of the Tourism and Management, 26-27 September 2009, University of Tourism and Management - Skopje Macedonia.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Андријана Богдановска-Ѓуровиќ** е родена на 6 јуни 1974 г. во Скопје, каде ги завршува основното и дел од средното образование. Средното образование го дооформува како студент на размена во Перу, Индијана, САД.

Дипломира во 1997 година на Машинскиот факултет во Скопје, насока Термотехника и термоенергетика, со просечна оценка 8,58 и се стекнала со право на стручен назив **дипломиран машински инженер.**

Магистерски студии запишува во 2003 година на Катедрата за економија при Универзитетот Шевилд во Солун, Република Грција. Магистрира во 2005 година со одбрана на магистерскиот труд со наслов *„Странските директни инвестиции и формирање на човечкиот капитал во Република Македонија"* со што се стекнува со право на академски степен **магистер на МБА менаџмент**.

Кандидатката има позитивен извештај за оценка на подобноста на темата и е кандидат за изработка на докторска дисертација со наслов *„Управување со знаење и градење на одржлива конкурентска предност на компаниите",* пријавена на Економскиот факултет во Скопје, во 2009 година.

Својата професионална кариера, во 2001 година, кандидатката ја започнува во Националниот демократски институт, каде што успешно партиципира во спроведувањето на неколку програми (Програма за јазиците, Програма за изборите, Програма за односи со гласачите). Во сите НДИ програми главните одговорности на кандидатката биле поставување, управување и следење на проектни рокови со контролни точки, следење на моменталната политичка ситуација во земјата и подготовка на извештаи.

Во периодот од 2005 до 2007 година кандидатката м-р Андријана Богдановска-Ѓуровиќ се вклучува во академската професија како предавач на неколку дисциплини од областа на менаџментот и маркетингот на Универзитетот „Њујорк“ во Скопје и „Евро колеџот“ во Куманово. Нејзините одговорности во тој дел се однесуваат на развој на курикулумот, презентација на материјалот и проценка на студентското знаење.

Од 2007 до 2009 година кандидатката се вработува во *T-mobile* и *T- home* Македонија на позиција менаџер на продажба, каде што е одговорна за развивање, управување и воведување на нови услуги на пазарот.

Кандидатката м-р Андријана Богдановска-Ѓуровиќ завршува неколку професионални обуки од областа на лидерството и комуникацијата, воедно поседува неколку професионални вештини: познавање на јазици (англиски – овластен судски преведувач, српски/хрватски, германски), познавање на работа со компјутери (MS Office, MS Project, MS Visio и сл.). Кандидатката има особен придонес во реализацијата на два проекта (Градиме локални мостови и Заедно) на НВО Женска акција, во којашто е активист.

До денес кандидатката ги има издадено следниве трудови од областа на економијата и менаџментот:

1. *Влијанието на мултинационалните компании врз развивањето на човечкиот капитал во Република Македонија*. Економски развој бр. 2/2008. Економски институт – Скопје, 2008.
2. *Странските директни инвестиции и формирање на човечкиот капитал во Југоисточна Европа со посебен фокус врз Република Македонија*. Економски развој бр. 3/2008. Економски институт – Скопје, 2008.
3. *Поддршката на жените претприемачи од страна на локалната власт во Република Македонија*. SNV Netherlands Development Organization. Студија на Центарот за управување со знаења.

1. *„Влијанието на мултинационалните компании врз развивањето на човечкиот капитал во Република Македонија“*

Темата на трудот е истражување на мултинационалните компании врз развивањето на човечкиот капитал во Република Македонија. Трудот има истражувачки карактер и се надградува врз веќе дефинираните истражувања од други научници од областа, разгледувајќи ги до сега сите можни посочени начини на влијание на мултинационалните компании врз развојот на човечкиот капитал во земјата-домаќин. Истражувањето е квалитативна студија на случај, при што се разгледуваат два вида на влијание на мултинационалните компании: директно и индиректно. Анализата е направена врз примерок од десет мултинационални компании присутни во Република Македонија, како и врз примерок од дел од локалните компании кои се нивни конкуренти или добавувачи. Резултатите до коишто дошла кандидатката покажуваат дека во Република Македонија мултинационалните компании влијаат врз развивањето на човечкиот капитал преку директните и индиректните преливни ефекти, иако истото е ограничено само на тесен пренос на технологија. Мултинационалните компании во земјата не користат многу локални компании како добавувачи на услуги и од оваа перспектива истражувањето покажува дека влијанието на мултинационалните компании врз развојот на човечкиот капитал е многу мало.

2. *„Странските директни инвестиции и формирање на човечкиот капитал во Југоисточна Европа со посебен фокус врз Република Македонија“*

Резултатите од ова истражување можат да послужат како основа за развој на политиките од областа на човечкиот капитал и странските директни инвестиции.

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Горан Голубовски** е роден на 31 јануари 1980 г. во Скопје, каде завршува основно и средно образование. Дипломира во 2002 година на Англоамериканскиот колеџ во Прага, Република Чешка, насока Бизнис менаџмент, со просечна оценка 9,50 и се стекнува со право на стручен назив **дипломиран економист**.

Магистерски студии запишува во 2004 година на Катедрата за менаџмент на Универзитетот „Њујорк“ во Прага, Република Чешка, а по одбраната на магистерскиот труд со наслов *„Извозните можности на македонската винска индустрија“* во 2006 година магистрира со просечна оценка 9,93 и се стекнува со право на академски степен **магистер на економски науки.**

Во 2005 година се стекнува и со втора факултетска диплома по социологија и политика на Англоамериканската висока школа во Прага, со просечна оценка 9,50.

Од септември 2009 година, кандидатот запишува докторски студии на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ на тема *„Социјалното претприемништво како модел за одржливи социоекономски промени”* под менторство на проф. д-р Таки Фити.

Својата академска кариера ја започнува во 2006 година на „Евро колеџот“ во Куманово, каде што еден академски семестар работи како предавач по предметот Меѓународна бизнис комуникација на англиски јазик.

Од јануари 2007 до јули 2007 год. работи како акаунт-асистент во креативната агенција „Понтер“ во Скопје, каде што работи со главни клиенти како „Кадис“ – Скопје, „Европа“ – Скопје, „Клуб Колосеум“ – Скопје итн.

Од септември 2007 година ја продолжува неговата академска кариера во Европскиот универзитет во Скопје, каде што работи како асистент по предметите: Медиуми и маркетинг, Управување со производите, Менаџмент на мал бизнис, Основи на менаџмент и Основи на економија, сè до ноември 2008 година.

Од 2009 година работи во Одделот за меѓународна кореспонденција при претпријатието „ФЛИС“ – Скопје.

***Список на трудови***

1. *“Exporting opportunities of the Macedonian Wine Producing Industry”* - магистерски труд, Универзитет „Њујорк“ во соработка со ЕСЦЕМ Франција, Прага, 2006.
2. *„Социјални претприемачи: крос-секторијални агенси за систематски социо-економски развој”* – неделно списание „Кочански актуелности“, Кочани, 2009.
3. *„Фер трејд: бизнис вкоренет во христијанската етика”* – месечно списание „Пат на животот“, Скопје, 2009.
4. *„Фер трејд вино”* – магазин „Бар код“, Скопје, 2009.
5. *„Социјалното претприемништво како катализатор на локален економски развиток”* – зборник на трудови од Меѓународниот конгрес за туризам и менаџмент на тема „Предизвици и перспективи во туризмот и менаџментот”, Универзитет за туризам и менаџмент – Скопје, 2009.

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Жарко Маркоски** е роден на 6 декември 1970 година во Прилеп. Дипломира во 1995 година на Електротехничкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Магистерски студии запишува во 2005/2006 год. на Економскиот факултет во Прилеп при Универзитетот „Св. Климент Охридски", каде по завршувањето на двегодишните постдипломски студии со просечна оценка 8,30 и на 9.2.2010 година со одбранет магистерски труд со наслов *„Електронските платни системи на финансиската инфраструктура - студија на случај: Република Македонија"* се стекнува со научен степен **магистер по бизнис администрација - МБА менаџмент**.

Покрај овие основни дипломи се стекнува уште и со различни сертификати, како што се: во 2002 год. се стекнува со вештини и познавање на основи на Microsoft office преку UNDP, во 2004 год. - управување со проектен систем, исто и со архивско работење, преку Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС) - Скопје/ невладина организација. Исто така, во 2004 година преку GTZ се стекнува со вештини за градење на тимови, целосно ориентирање на планирање на проекти, проектно финансирање и работа со донатори. Во 2008 година преку Бирото за јавни набавки се стекнува со вештини и познавања за подготовка на јавни набавки според Законот за јавни набавки, изработка на техничка документација, огласување и учество во комисии за јавни набавки. Во 1997/98 година при Работничкиот универзитет „Моша Пијаде" - Прилеп завршува прв и втор степен на англиски јазик. Како лични способности ги наведува: подготовка со проекти, вештини на комуникација и организација и подготовка на стратегија ЛЕР.

Неговото работно искуство започнува во 1998 година во АД „ЕМО" -Охрид, ПЦ „Гребенасти склопки" - М. Брод, каде работи до 2001 година, а од 2001 година до 10.2.2010 во ЕЛС Општина Долнени - н.м. Долнени, како советник-комунален инспектор.

***Список на трудови***

Во списокот на трудови доставува две семинарски работи со наслов:

- „Влијанието на информационата технологија врз дизајнот на организациите" и
- „Лизингот како современ начин на финансирање".

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Елена Панова** е родена на 12 јуни 1982 година во Штип. Со средно образование се стекнува во Гимназија „Славчо Стојменски" – Штип. Во 2004 година дипломира на Филолошкиот факултет во Скопје, група Англиски јазик и книжевност, со што се стекнува со стручен назив **професор по англиски јазик и книжевност**. Во 2006 година се запишува на постдипломски студии при Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања – група Менаџмент на човечки ресурси. Со академски степен **магистер на менаџмент на човечки ресурси** се стекнува во 2009 година.

М-р Елена Панова во периодот 2003-2005 година работи како наставник по англиски јазик за сите нивоа во училиштето за странски јазици „Ексико" – Скопје. Во периодот од 2005 година до сега работи како одговорен за организација во Прокредит банка.

Кандидатката м-р Елена Панова го објавува трудот *„Човечките ресурси и знаењето во услужните организации"*. Во услужните организации каде услугите и условите под кои се нудат се слични, интелектуалниот капитал, односно знаењето кое го поседуваат вработените и го стекнале при секојдневната работа е клучно за постигнување конкурентска предност. Во овој труд се третираат неколку аспекти од односот меѓу човечките ресурси и знаењето

во услужните организации. Опфатени се некои резултати од спроведено истражување за задоволството од обуките на вработените во банките во Република Македонија, при што се истакнува важноста од имплементирање на стратегии за обука за задоволство и задржување на вработените.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Мимоза Серафимова** е родена на 24 јануари 1962 во Струмица. Основно и средно образование завршува во родниот град. Дипломира на Педагошкиот факултет во Скопје, со што се стекнува со стручен назив **професор**. Кандидатката од 1991 година до денес работи како професор во училиштето „Видео Подгорец“. Во 2007 година успешно ја одбранува магистерската теза од областа на менаџмент со човечки ресурси, со што се стекнува со академски степен **магистер**. Кандидатката 2008 година запишува докторат од областа на менаџментот на човечки ресурси.

Кандидатката ги објавува следниве трудови:

1. *Евалвацијата на трансферот на знаењето и подобрувањето на работата на училиштата*. УДК 371.32.
2. *Улогата на интересентите во подобрување на работата на училиштата*. Просветен работник, 2007.
3. *Зголемување на квалитетот на образовни институции*. Просветен работник, 2007.

## ПРЕДЛОГ И ЗАКЛУЧОК

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност на пријавените кандидати, а со оглед на досегашната наставна активност, Комисијата му дава предност на кандидатот м-р Борјан Ѓоргиев, кој како досегашен асистент покажува постојан и прогресивен стручен развој и дава значаен придонес во областа на економијата и менаџментот.

Перманентниот интерес за научноистражувачка работа на кандидатот се потврдува со неговите објавени научни и стручни трудови. Научноистражувачката работа на кандидатот е континуирана и ја потврдуваат неговата ориентација за системски пристап кон непосредната и пошироката област и проблематиката којашто се однесува на предметот за којшто кандидатот конкурира.

Комисијата оценува дека во неговата научноистражувачка работа, кандидатот придонесува за осознавање и истражување на движењата на современата наука за менаџментот, ги анализира истите и ги следи поновите трендови во областа на менаџментот, управувањето со човечките ресурси и економскиот сегмент на истите, како и ги трансферира овие знаења во неговата наставно-образовна работа.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатот, Комисијата оценува дека м-р Борјан Ѓоргиев ги исполнува предвидените законски и други услови и има чест на Наставно- научниот совет на Економскиот факултет - Штип да му предложи **м-р Борјан Ѓоргиев да го избере во звањето асистент за научната област -** ***менаџмент*** **на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“**.

**Рецензентска комисија**
**Проф. д-р Трајко Мицески (претседател), с.р.**
**Доц. д-р Маргарита Матлиевска, с.р.**
**Доц. д-р Александар Костадиновски, с.р.**

**Табела**
**за вреднување на активностите на м-р Борјан Ѓоргиев,**
**според критериумите дадени во Правилникот за избор на**
**наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на**
**Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 32 | Број на часови по 0,2 поени за секоја учебна година | **6,4** |
| Организатор на летна школа | 1 | 2 | **2** |
| Раководител на студент во учество на студентска манифестација | 2 | 1 | **2** |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Дел од монографија или научна книга | 5 | 6 | **30** |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати) | 2 | 9/6/3 | **6** |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 5 (3 во странство и 2 во земјава) | во странство 6,6 (2x1,3 коеф. 2+2 x1) и во земјава 1,3 (1x1,3 коеф.1x1) | **9** |
| Учество на научен собир со реферат (постер/усно) | 2 | во странство 1,5/2 | **4** |
| Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | **4** |
| Учесник во научен проект | 1 | во странство 3 | **3** |
| Член на уредувачки одбор на научно списание | 1 | 4/2/1 | **1** |
| Студиски престој во странство | 1 | 8 | **8** |
| **Стручно-апликативна (САОР)** | | | |
| Член на факултетски орган, комисија | 3 | 2 | **6** |
| **ВКУПНО ПОЕНИ (НО+НИ+САОР)** | **81,4** | | |